БЕТОН-ПРО ДОО
Бр. 0307-048
10.04. 2019 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ДУПЧАЧКИ И МИНЕРСКИ РАБОТИ И НАТОВАР НА МИНИРАН КАМЕН

**Склучен помеѓу:**

А.Д. "ТАЈМИШТЕ" Кичево
Бр. 02-369
11.04. 2019 год.

1. **Бетон-Про ДОО Скопје, со седиште на ул. Јуриј Гагарин 15, застапуван од Управителот Жикица Младеновски , со жиро-сметка 200002482301869 Стопанска Банка и ЕДБ МК4057012518478 (во натамошниот текст: Нарачател) и**

2. **Тајмиште АД Кичево, со седиште на магистрален пат бр 8А Кичево, застапувано од Управителот Горан Донески, со жиро-сметка 200000011190009 Стопанска Банка и ЕДБ МК4012921009442 (во натамошниот текст: Изведувач)**

Член 1

Со овој Договор договорените страни ги уредуваат меѓусебните права и обврски што произлегуваат од изведување на дупчачки и минерски работи на рудникот Краста, Општина Куманово.

Член 2

Изведувачот за Нарачателот ќе изврши дупчење, минирање и натовар на варовник во рудникот Краста, чиј што концесионер е Нарачателот.

Член 3

Минираниот камен од руникот , Изведувачот ќе го минира на начин што парчињата од минираниот камен нема да бидат поголеми од димензиите 600мм x 600мм.
Вака подготвениот камен Изведувачот ќе го натовара со свои машини во камиони на Нарачателот.

Член 4

Надоместокот за дупчење и минирање на варовникот се утврдува во износ од 36 денари по тон, без вклучен ДДВ.
Цената за натовар на минираниот камен се утврдува во износ од 17 денари по тон без вклучен ДДВ.
За натоварениот камен се изготвува записник врз основа на изготвените испратници во кои се наведува возилото, датумот и тежината измерена на вагата монтирана на рудникот Краста, кој мора да биде потпишан од претставници на Нарачателот и Изведувачот. Записникот е основ за изготвување на фактура од Изведувачот до Нарачателот. Доставената фактура чиј што прилог се записниците за натовар, ќе се исплаќа во рок од 45 дена од денот на приемот кај Нарачателот и тоа на следниот начин:
Минираниот и натоварен камен за потребите на ДГ Бетон АД Скопје ќе се плаќа со тројна компензација или цесија додека,
Минираниот камен за потребите на Про Инвест ќе се плаќа со цесија преку Про Инвест.

Член 5

При изведување на работите предмет на овој Договор, Изведувачот се обврзува дека ќе ги почитува законските прописи кои што го регулираат предметот на овој Договор, а посебно ќе обрне внимание и на доследно спроведување на прописите од областа на безбедност и здравје при работа.

Член 5а

Извршителот не може да одстапува дел од работата, или целата земена работа на трето лице – подизведувач без писмена согласност од Нарачателот.

Член 5б

При изведувањето на работите Изввршителот е должен да се придржува посебно кон Законот за безбедност и здравје при работа, Планот за безбедност и здравје при работа за на Нарачателот, Правилниците за управување со опасностите и ризиците по безбедноста и здравјето при работа, како и кон сите останати прописи кои непосредно се поврзани со дејноста која ја врши.
Во случај на непочитување на погореспоменатите прописи, Извршителот лично сноси целосна одговорност кон надлежните органи, работниците и трети лица кои може да претрпат штета.
Нарачателот преку одговорното лице за безбедност што го назначува за предметниот објект, врши контрола на спроведување на мерките за безбедно извршување на работата.
Во случај да Изведувачот не ги почитува пропишаните мерки за безбедна работа (неговите работници не носат заштитна опрема или на било кој друг начин ги прекршуваат мерките за безбедна работа), Нарачателот на Изведувачот ќе му засмета казнени пенали на следниот начин:

1. За прво прекршување на прописите и мерките за безбедна работа – опомена и казнан пенал во износ од 500,00 EUR во денарска противвредност
2. За второ прекршување на прописите и мерките за безбедна работа – опомена и казнан пенал во износ од 1.000,00 EUR во денарска противвредност
3. За трето прекршување на прописите и мерките за безбедна работа – раскинување на договорот и казнан пенал во износ од 10% одвредноста на договорот, при што го задржува правото за надомест на целата штета што може да биде предизвикана поради предвременото раскинување на договорот по вина на Изведувачот.

Договорните страни се согласни казнените пенали да се наплатат со задршка на износот од доспените фактури. Доколу износот неможе да биде наплатен од доспенаите фактури, Нарачателот го задржува правото казнениот пенал да го наплати на друг погоден начин за него.

Член 5в

При изведување на работите Извршителот е должен да ги почитува и спроведува прописите од Законот за заштита на животна средина, Законот за управување со отпад како и кон сите останати прописи за заштита на животната средина за мобилното градилиште на кое работи.

Член 6

Во случај на спор, договорените страни ќе се обидат истиот да го решат спогодбено, во спротивно ќе решава надлежниот Суд во Скопје.

Член 7

Овој Договор е составен и потпишан во 4 (четири) истоветни примероци, по 2 (два) за секоја договорена страна.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ :**

| | |
|---|---|
| БЕТОН – ПРО ДОО Скопје | АД ТАЈМИШТЕ Кичево |
| За Нарачателот, | За Изведувачот |